
ОПШТИНА
РЕСЕН
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА РЕСЕН



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски



Почитувани сограѓани,

Да се биде градоначалник на Општина Ресен е голема чест но и уште поголема одговорност. Да се води Општина Ресен значи да се води еден крај кој изобилува со природни богатства, историја, култура и неискористен потенцијал.

Верувам дека резултатите доаѓаат само преку посветена и искрена тимска работа. Заедно со советот и општинската администрација остануваме целосно посветени на унапредување на условите за живот во секое населено место во нашата Општина.

Мојата визија за Преспа е визија за развој, стабилност и иднина.

Продолжуваме со реализација на стратешки проекти кои значат подобар живот за сите, подобра инфраструктура, решени комунални проблеми, поддршка за локалната економија, модерно образование, здравје и култура.

Ќе ја зајакнеме туристичката понуда, ќе ги поддржиме земјоделците и малите бизниси, и ќе создадеме услови за нови инвестиции. Општина Ресен ќе биде препознаена како зелена, безбедна и модерна општина.

Развојот на Преспа не е краткорочна цел, туку континуиран процес кој бара визија, знаење и тимска посветеност. Затоа, продолжуваме по патот на напредокот, со силна волја да создадеме општина по мерка на сите нејзини жители.

Сигурен сум дека заедно можеме повеќе, да ја градиме иднината на Преспа со работа, одговорност и љубов кон нашиот крај.

Со почит,
Јован Тозиевски

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Д-р Коста Замановски – доктор на медицина, специјализант по анестезија и интезивно лекување - носител на листа
2. Никола Источки – адвокат, магистер по право од областа на граѓанско материјално право и граѓанско процесно право
3. Д-р Маја Павловска – специјалист по медицинска биохемија
4. Зоран Илиевски – средно економско образование
5. Владо Боревски – дипломиран стручен забен техничар
6. Жанета Савевска – дипломиран професор по математика и физика во основно образование.
7. Јованчо Лазаревски – економист
8. Елпиники Николовска – средно образование, општа гимназија
9. Ленче Нечовски – професор по македонски и француски јазик; Магистер по Меѓународен бизнис со странски јазици
10. Јован Касовски – дипломиран менаџер по човечки ресурси
11. Игор Трајчевски – дипломиран правник
12. Марија Арсовска Стефановска – дипломиран правник
13. Надица Кремшовска – дипломиран инженер по екоинженеринг и екоменаџмент
14. Христијан Стефановски –дипломиран земјоделски инженер
15. Крсте Гелејчевски – физиотерапевт



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА

## 1. Модерен и функционален градски плоштад

Реконструкција на плоштад „Цар Самоил“ подразбира трансформација на централното градско јадро во современ простор за јавни и културни настани, секојдневна употреба и дружба, со кое ќе создадеме модерно и функционално просторно решение.

## 2. Обнова и реконструкција на скијачки центар Галичица.

Изработка на проектно планска документација со идејно решение за: ски-лифт, скијачки патеки, зона за почетници, снежни топови за вештачки снег, популарна ски-зона во рамки на центарот, со патеки за напредни и искусни скијачи, живописна локација во срцето на ски-зоната, погодна за одмор, прошетки и активности надвор од патеките.

Скијачките центри се едни од најпопуларни зимски ресорти на Балканот, со богата понуда за скијачи, сноубордери и љубители на планински спортови.

## 3. Подобрен сообраќаен проток

Изградба на обиколница околу Ресен: намалување на сообраќаен метеж, зголемена безбедност на транспортните услови и поефикасен транспортен систем.

## 4. Изработка на проектна документација со модерно урбанистичко и архитектонско решение за градскиот пазар.

Изградба на нов објект катна гаража над градскиот пазар во центарот на градот за обезбедување на поголем паркинг простор.

## 5. Ефикасен систем за отпадни води и канализации

- Фекални канализациони мрежи и пречистителни станици: продолжување и реализација во Претор, Долно Дупени, Брајчино, Сливница, Подмочани, Грнчари, Стење, Крани-Арвати.
- Изведба на секундарна канализациона мрежа со куќни приклучоци во селата: Дрмени, Сливница.
- Индустриска зона Ресен: изградба на фекална и атмосферска канализација со пречистителна станица за заштита на околината и промоција на инвестиции.
- Систем за управување со отпад: приклучување кон регионална депонија и ревитализација на третман на органски и земјоделски отпад.



# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

## 1. Урбани и рурални сообраќајни решенија

Комплетна реконструкција на улиците:

- „Наум Веслиевски“,
- „Кузман Јосифовски“,
- „Кочо Рацин“ (крак 1 и 2),
- „Мите Трајчевски“,
- „11 Октомври“,
- „29 Ноември“,
- „Никола Карев“,
- „Иво Лола Рибар“,
- „Корчуланска“,
- „7 Македонска Бригада“,
- „11 Септември“,
- „Јосиф Јосифовски“,
- „Мирче Ацев“
- Ул.„ 29 Ноември“ и ул. „Димитар Влахов“ во индустриската зона „Преспатекс“ за подобар пристап и економски развој.

## 2. Локални патишта

Реконструкција и изградба на патишта до с. Болно, Долно Перово, Златари, Горно Дупени, Прељубје, Сопотско, Крани, Евла, Арвати, Брајчино, Езерени, Избишта, Горна Бела Црква, Крушје, Љубојно, Курбиново, Претор и други села. Должини: од 1000 м до 5000 м, според потребите на секое населено место.

## 3. Унапредување на водоводната инфраструктура

- Проектирање и изградба на нов цевковод: од извор во Крушје до градски резервоар, со намалување на загубите и подобрување на капацитетот.
- Реконструкција и изградба на водоводни мрежи: со куќни приклучоци на ул. „7 Македонска Бригада“, ул. „Иво Лола Рибар“, ул. „11 Септември“, ул.„Бигла“, ул. „Наум Веслиевски“, ул. „Мите Трповски“, ул. „Никола Карев“, ул. „29 Ноември“, ул. „Христо Герасовски“ и ул. „4 Јули“.
- Интервенции во руралните села: нови водоводи, филтер станици, резервоари и бунилиарни решенија во Претор, Коњско, Асамати, Царев Двор, град Ресен.

- Заштита и одржување на водата: хлоринатори и хидранти во неколку населени места, набавка на возила и опрема за интервенции, детекција на истекување, ПЛЦ автоматика, фреквентни регулатори;
- Изградба на нов водоводен систем со куќни приклучоци и филтер станица во Претор (туристичка и викенд населба), поради дотраена мрежа и обезбедување на дополнителни количини на вода со хидротехнички истражувања и изградба на нов бунар/бушотина;
- Изградба на нов резервоар за вода (50 000 литри) во с. Коњско, каде не постои решено водоснабдување и обезбедување на дополнителни количини на вода со хидротехнички истражувања и изградба на нов бунар/бушотина;
- Изградба/реконструкција на цевководен систем до с. Асамати, преку поврзување од Курбиново до Претор;

## 4. Урбана инфраструктура и јавни простор

- Регулација на коритото во Царев Двор: спречување на поплави и ерозија за безбедно население и инфраструктура.
- Инклузивни детски паркови: изградба, санација и редовно одржување на игралишта во градот и селата, со цел создавање безбедни, функционални и инспиративни простори за детска игра и развој.
- Урбана опрема за градскиот пазар:обезбедување на адекватен паркинг, изградба на заштитни настрешници и санација – со цел создавање подобри услови за продавачи и граѓани.

## 5. Сообраќајна сигнализација и организираност

- Сообраќајно решение за центарот: подобрување на протокот и паркингот, со цел создавање на поефикасно и поорганизирано опкружување на граѓаните и посетителите.
- Хоризонтална и вертикална сигнализација: за зголемена безбедност и ред во сообраќајот.

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

## 1. Урбанистички планови и економски развој

- Урбанистичко планирање за градот Ресен и бројни села (Долно Дупени, Стење, Претор, Подмочани и др.). Нови стопански комплекси за јаболков и друг сектор кој ќе придонесат отворање на нови работни места за граѓаните на Ресен и Преспа.
- Урбанистичко планирање со изработка на урбанистички планови за туристичките и викенд населби: Претор, Стење, како и туристичките места Отешево и Царина.

## 2. Економски развој

- Поддршка на овоштарството и земјоделието: практики, иновации и знаење за зголемена конкурентност. Унапредување на производството преку поддршка со поттикнување на современи агротехнички практики и воведување на иновативни решенија, со цел создавање одржливо и прифатливо овоштарство кое ќе обезбеди сигурна иднина за преспанските земјоделци.
- Мал и семеен бизнис: развој на претприемништвото и работните места преку институционална поддршка и инфраструктура, со цел подобрување на локалната економија, стимулирање за вработување, развој на семејни бизниси.
- По барање на прекугранична соработка: воспоставување на EGTC Преспа, со цел овозможување на различни регионални и локални власти од различни земји за пристап до европски фондови за имплементација на прекугранични проекти за заеднички регионален развој.



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

## 1. Реконструкција и модернизирање на училишта

Продолжување со реконструкција на училиштата „Мите Богоевски“, „Гоце Делчев“, „Димитар Влахов“, „Браќа Миладиновци“ , како и Средното општинско училиште „Цар Самоил“, – создавање на мотивирачки амбиент, опремување на кабинети, спортски и рекреативни простории.

## 2. Дуално образование:

Унапредување на дуалното образование со цел поврзување на теоретската и практичната настава преку засилена соработка на средното училиште и регионалните компании. Создавање на можност за стекнување на релевантни вештини и знаења во согласност со потребите на пазарот на трудот и директен придонес кон подобрување на вработувањето на младите и развојот на локалната економија.

## 3. Целодневен престој:

Зголемување на капацитетот и унапредување на целодневниот престој со организирана настава во основното образование, создавање на подобри услови за учење, грижа и развој на учениците, како и помош на родителите преку усогласување на семејните и работните обврски.

## 4. Продолжување и зголемување на финансиска поддршка во образованието.

За секое прваче запишано на територијата на Општина Ресен еднократна финансиска помош од 5000 ден, за секој средношколец запишан во СОУ „Цар Самоил” еднократна финансиска помош 10 000 денари.

# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНА ЕРА

### 1. Дигитализација на јавни услуги:

платформа за брз и сигурен пристап до услуги, туризам и културно наследство.

### 2. Видео надзор:

на клучни точки за обезбедување безбедност. SAFE CITY (безбедносен град), (поставување на камери на најфрекфентните места и туристички локалитети, на влезот и излезот од градот со цел зголемување на безбедноста на граѓаните и посетителите.



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

## 1. Спортски клубови

Континуирана логистичка, финансиска и опремна поддршка на спортските клубови, поддршка на спортски настани, турнири, натпревари. Продолжување на досегашнте спортски настани и организација на нови натпревари и турнири од областа на други спортови.

## 2. Инвестирање во спорската инфраструктура

Реконструкција и редовно одржување на спортските терени, градскиот стадион и спортската сала. Вложување и унапредување на развој на терените и центарот „Починалиште“; за создавање на подобри услови за спорт и рекреација на граѓаните. Преземање на активности за развој на спортот и во руралните средини со реконструкција на спортските терени во селските населби и поддршка на организирање на спортски турнири во руралните средини.

# ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИ НАСТАНИ

1. Реконструкцијата на старата противпожарна зграда во мултикултурен центар ќе го трансформира овој историски објект во современ простор за културни настани, уметнички израз и мултикултурни активности. Овој проект ќе создаде центар за размена на идеи, образование и едукација, кој ќе го збогати културниот живот на заедницата.
2. Реконструкција, санација и опремување на амфитеатарот во близина на средното општинско училиште, со цел да се создаде современо катче за организирање културни настани, промоција на културата и место за дружење на младите, како и простор за развој на нивните таленти и идеи.
3. Континуирана поддршка на културните активности и манифестации во Општина Ресен, меѓу кои: Матурската прослава и дефиле, фестивалот „Актерот на Европа“, Преспанските иселенички средби, манифестацијата „Најдобри од најдобрите“, детската поетска манифестација „Детски гласови“, Преспанскиот јаболкобер, изложби на домашни и странски уметници, промоции на книги, Априлијада, Велигденски хепенинг, прослави за Нова година и predновогодишни активности, концерти, поддршка на музички настани и фестивали како „Преспа Урбан Фест“, како и активности за негување на културата, традицијата и обичаите на заедниците.



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

1. **„Помош и нега во домот“:** професионална грижа за стари лица во домашни услови.
2. **Семејни субвенции и предучилишна грижа:** поддршка за семејства со прваче и развој на капацитетите за деца од најмала возраст.
3. **Проектирање пешачки и велосипедски патеки:** до манастирите, спортско-рекреативниот центар и туристички места.
4. **Санација на земјоделски патишта:** подобрување на транспортната поврзаност во руралните средини.
5. **Обезбедување на локација:** Изградба на установа за нега и згрижување на постари лица



# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

## 1. Одржливост и енергетска ефикасност

- Електрични возила и јавно ефикасно осветлување: намалување на емисии и енергетска заштеда (на регионалниот пат, клучки и околу училишта).
- Фотоволтаици: на јавни објекти (пожарна, спортска сала, училишта) – грин-енергија и економска ефикасност.
- Велосипедски субвенции: поттик за здрав и еколошки стил на живот.
- Електрични полначи: обезбедување на две дополнителни локации за поставување на електрични полначи.

# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

1. **Заштита на Езерската природа:** Паркот Езерани и Преспанското езеро – одржлив развој, биодиверзитет.
2. **Туристички развој:** грантови за авторски, автентични и одржливи производи.
3. **Обележани велосипедски (100 км) и пешачки (70 км) патеки:** за активен туризам.
4. **Изградба на патеки во Претор и Стење:** 1400 м и 1200 м – поврзување и подобар пристап.
5. **Обезбедување на локација за изградба на етно-село:** Изградбата на етно-село во Преспа може да биде клучен поттик за еко-туризам, зачувување на традицијата и економски развој.
6. **Развивање на еко-номадски туризам:**

- Дигитални вештини – обуки за локалното население во кодирање, маркетинг и веб-развој;
- Маркетинг кампањи – промоција на Македонија и Општина Ресен како „Земја на можности“ за дигитални патници
- Виза за дигитални номади – иако сè уште не постои официјално, може да се развие како дел од туристичка стратегија
- Обезбедување локација за изградба на адреналински парк со зип-лајн. Адреналински парк со повеќе нивоа на предизвици од нивоа за деца до нивоа за сериозна издржливост, зип-лајн кој ќе нуди летање совршено за сите генерации.

# ПРЕСПАНСКО ЕЗЕРО

## Изработка на физибилити студија со соработка на домашни и странски експерти за заштита на Преспанското езеро кон долгорочно управување со овој уникатен екосистем

Основни цели на студијата:

- Идентификација на причините за намалување на водостојот и загадувањето
- Проценка на влијанијата од климатските промени и човечките активности
- Предлог на мерки за заштита и обновување на екосистемот
- Вклучување на сите три држави (Македонија, Албанија, Грција) во заеднички план
- Хидролошка анализа – истражување на водниот биланс, извори, испарување, подземни води
- Еколошка проценка – попис на биодиверзитет, загрозени видови, квалитет на вода
- Земјоделски влијанија – анализа на користење на земјиште, наводнување, агрохемикалии
- Социоекономски аспекти – влијание врз локалната економија, туризам, рибарство
- Правна рамка – преглед на национални и меѓународни закони и обврски
- Препораки – конкретни мерки: реставрација, мониторинг, едукација, инвестиции

# ВИЗИЈА И ЦЕЛИ

## Да создадеме заедница што го одржува нашиот природен и културен идентитет, во која модерната инфраструктура, одржливоста и грижа за граѓаните одат рака под рака.

ВМРО-ДПМНЕ